# ОБУКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ВРАБОТЛИВОСТ: ИТ вештини, претприемништво и мал бизнис, визуелни комуникации, интернет маркетинг, комуникациски вештини

СО ПОВИСОКИ КОМПЕТЕНЦИИ ДО ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ е проект поддржан од АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ и негова основна цел е да се развијат современи компетенции кои на младите ќе им отворат поголеми можности за вработување и самовработување. Станува збор за серија од пет тематски области кои, покрај стручните и сертифицирани квалификации, беа идентификувани како клучни за отворање на нови перспективи за вработување и кариерен развој.

Обуките се достапни за сите невработени млади, како и студенти кои во блиска иднина ќе бидат баратели на работа или планираат да развијат сопствена бизнис-идеја за самовработување. Заинтересираните лица ќе може да ги следат сите пет обуки интегрално или само некои од понудените, зависно од индивидуалните потреби и афинитети.

Курсевите ќе се реализираат од страна на универзитетски професори и експерти од соодветните области во тек на месец октомври и ноември 2019 година, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и во термини договорени со слушателите. Сите обуки се БЕСПЛАТНИ. Пријавувањето на кандидатите ќе трае до пополнување на планираните места за секоја од обуките, по принципот на прием „прв дојден, прв услужен“.

| Обука | Содржини | Период на реализација | Предавач | Очекувани цели |
|---|---|---|---|---|
| ИТ вештини | MS Word, MS Exel, MS Power Point и Интернет | 3 × 4 часа | Проф.д-р Билјана Стојчевска<br><br>Проф.д-р Славчо Чунгурски | Вештини за компјутерско канцелариско работење, способност за работа со електронски документи, извршување на табеларни пресметки и графички приказ на податоци, изработка на презентации, далечинско работење со документи и комуникација преку Интернет |
| Претприемништво и мал бизнис | Организациски вештини, развивање бизнис план, започнување сопствен бизнис, лидерство, бизнис етика, проект менаџмент, тимска работа, менаџмент на перформанси, менаџмент на промени | 3 × 4 часа | Проф.д-р Наташа Ристевска | Вештини за претприемништво, стекнати основи од економија и бизнис, зајакнати способности за организација,тимска работа, лидерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визуелни комуникации** | Визуелен идентитет на индивидуа/компанија, заштитен знак/лого и логотип, психологија на боја, форма, типографија, визуелна комуникација на идеја и производ, корпоративен идентитет, создавање на бренд, значење на конзистентен визуелен идентитет за развој на бизнисот | 3 × 4 часа<br>. | Проф.д-р Марија Ветероска | Стекнати знаења за визуелна комуникација, создавање на критериум за соодветен визуелен идентитет во хармонија со бизнис-стратегијата, способност за визуелна комуникација на идеја или производ |
| **Интернет маркетинг** | Промовирање компании, методологија на прибирање и користење податоци, гео таргетирање, максимизирање на рекламни буџети, креирање оптимални буџети за рекламирање, аналитички способности | 2 × 4 часа | Проф.д-р Далиборка Блажеска<br><br>Леон Бакрачевски | Аналитички вештини и способност за таргетирање на потребите на компанијата при промовирање , познавање на практични алатки за промоција, правење оптимизација, развивање капацитети за психолошка анализа на таргет група |
| **Комуникациски вештини** | Лични вештини: развивање себе-свесност, менаџирање на време и стрес, емоционална интелигенција, креативно и критичко размислување, финансиска писменост | 1 × 4 часа | Леон Бакрачевски | Развој на когнитивни способности, користење на невролингвистичко програмирање при комуникација, капацитети за презентација на комплексни модули, психо кинетички способности |

## Пријава за обуки

**Организатор**: Здружение на граѓани за истражувања, обуки, анализи и развој на јавни политики ВИЗИЈА 2020 Штип, во соработка со Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Поддржано од**

**Агенција за млади и спорт**